РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

Бр. 27-306
07-3 2016
Скопје

Почитувани,

Имаме чест да Ве поканиме да учествувате на XLIX летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при „Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, што ќе се одржи во **Охрид од 11 до 25 јуни 2016 година.**

Сите трошоци за Вашиот престој на Меѓународниот семинар (сместување, исхрана, лекторски вежби, предавања, културна програма) ги обезбедува „Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, освен **патните трошоци**.

Денот на доаѓање во Охрид е **11 јуни,** а денот на заминување од Охрид е **25 јуни 2016 година (со појадок).**

Ве молиме пополнетата пријава за Вашето учество да ја испратите преку наведените адреси:

- по пошта на адреса: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Бул. Гоце Делчев бр. 9, п. фах 576, 1000 Скопје, Р. Македонија**
- факс: **389 2 3-293-202**
- E-mail **msmjlk@ukim.edu.mk , evdokijailijevska@ukim.edu.mk**
- За подетално информирање видете на: **www.ukim.edu.mk/msmjlk**

По приемот на Вашата пријава **ќе бидете известени дали сте конечно прифатени за учество на Семинарот во Охрид.**

Семинарот ќе се одржи во просториите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - **Конгресен центар – Охрид** (лоциран на брегот на Охридското Езеро во близина на населбата Лагадин).

Со почит,

**Директор на Меѓународниот семинар**

**Проф. д-р Славица Велева**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk